Согласно добиената проценка за обезбедување поддршка од образовен асистент од системот за проценка на лицата со попреченост, на барање на родителот, бараме да се обезбеди образовен асистент во учебната 20--/20—година, за следните ученици:

Реден број	Име и презиме на ученик/чка	Одделение	Архивски број од проценката од системот за проценка на лицата со попреченост

Во прилог Ви ја доставуваме проценката за попреченост од системот за проценка на лицата со попреченост за секој ученик/чка.

Датум и место: М.П. Директор,

_____ _____

Прилог бр. 2

ПРОГРАМА ЗА ОБУКА НА ОБРАЗОВЕН АСИСТЕНТ

Обуките на образовните асистенти во основните училишта се од следните подрачја, потподрачја и теми за обука:

I. Непосредна подршка на ученици со попреченост

1. Поддршка во училишни активности и задачи

1.1. Прописи од областа на инклузивното образование како закони, стратегии, концепции и сл.
1.2. Дефинирање, принципи и пристапи на инклузивното образование,
1.3. Видовите попреченост и разбирање на попреченоста (дислексија, дисграфија, дискалкулија, АДХД, первазивни развојни растројства, намалени интелектуални способности, телесни пречки),
1.4. Стратегии и начини за поддршка и развој на функционалностите (емоции и социјални односи, помнење, внимание и концентрација, перцепција, моторика) и примери на материјали и ресурси,
1.5. Системи и личности - системското размислување и двоен пристап во работата со микросистемите (семејство и паралелка),
1.6. Свесност за ситуациите за учење - влијание на контекстуалните фактори врз присуството, учеството и постигањата на ученикот,
1.7. Пристапи и методи во работата со ученици со различни видови на попреченост во воспитно образовниот процес,
1.8. Прилагодување на содржините, просторот, времето, материјалите/ресурсите и активностите, според индивидуалните способности и потреби на учениците со попреченост,
1.9. Работа во пар наставник – образовен асистент при реализација на час (тандем настава),
1.10. Дигитална писменост и дигитални вештини во реализација на инклузивното образование,
1.11. Визуелна поддршка во наставата (аугментативна и алтернативна комуникација, асистивна технологија, сензорни стратегии во училница),
1.12. Запознавање со специфични пристапи за работа со деца со попреченост (Монтесори, Тич, АБА, сензорна терапија, ликовна терапија, музикотерапија, работна терапија, игровна терапија и слично,
1.13. Менаџирање на времето на часот - пристапи и начини за задржување на внимание, фокус и концентрација на работни задачи, како и премин од една активност на друга,
1.14. Обука за знаковен јазик и Брајово писмо,
1.15. Говор - стимулација, вежби за поттикнување и развој на говор.

2. Поддршка во комуникација, социјална интеракција и вклученост

2.1. Врсничка поддршка, поттикнување соработка и интеракција на учениците со попреченост со другите ученици, во наставните и воннаставните активности,
2.2. Социјални вештини за прифаќање и почитување на различности, толеранција и ненасилно однесување,

2.3. Стратегии за ефективна комуникација со учениците за обезбедување поддршка и доверба,
2.4. Вештини за менаџирање на социо-емоционални ситуации - препознавање на потребите и емоциите кај учениците со посебни образовни потреби и справување со истите,
2.5. Развивање вештини на образовните асистенти за постапување при агресивно однесување на ученик со посебни образовни потреби и заштита на дете жртва (булинг),
2.6. Емоционален развој на учениците со посебни образовни потреби – справување со лутина, бес, агресија и несоодветни емоционални одговори.

3. Помош при движење, употреба на помагала, ориентација во простор

3.1. Основни познавања од развојот на психомоторните функции и
3.2. Основни правила за безбедно движење во просторот.

4. Помош при грижа за себе

4.1. Едукација и поддршка на учениците за исхрана и одржување на лична хигиена.

II. Соработка со родителите/старателите

1.Соработка со родителите на учениците со попреченост

1.1. Соработка со родителите на учениците со посебни образовни потреби и заедницата,
1.2. Ефективна комуникација со родителите/старателите на ученици со посебни образовни потреби со цел помош и поддршка на учењето на ученикот и
1.3. План за поддршка на детето и семејството.

2. Соработка со родителите на учениците со типичен развој во одделенијата и училиштето за рушење на бариери, стереотипи и предрасуди.

III. Соработка со наставниците

1. Приспособување на наставата на карактеристиките на учениците, стратегии на учење и поучување

1.1 Индивидуален образовен план (основни познавања),
1.2 Модифицирана програма (основни познавања),
1.3 Поддршка на ученик со попреченост во почетно пишување - развој на графомоторика, техники за пишување и сл.,
1.4 Следење на постигнувањата на учениците и давање соодветна поддршка за напредување и
1.5 Подобрување на социо-емоционалната клима во училница.

IV. Соработка со стручните соработници и инклузивниот тим за ученик

1. Размена на знаења и информации

1.1. Планирање на сопствената работа и водење евиденција за работата,
1.2. Соработката како значаен фактор во процесот на инклузија,
1.3. Поддршка на наставниците во планирањето, реализирањето и евалуацијата на воспитно-образовниот процес на учениците со попреченост и
1.4. Поддршка на ученикот за учење во сензорна соба.

Në bazë të nenit 19 paragrafit (4) të Ligjit për Arsimin Fillor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 161/19, 229/20, 3/25 dhe 74/25), ministrja e Arsimit dhe Shkencës solli

R R E G U L L O R E
PËR MËNYRËN E KËRKIMIT TË ASISTENTIT ARSIMOR, MËNYRËN E PËRZGJEDHJES DHE ZGJEDHJES SË ASISTENTIT ARSIMOR, SI DHE PROGRAMIN E TRAJNIMIT TË ASISTENTIT ARSIMOR

Neni 1

Me këtë rregullore përcaktohet mënyra e kërkimit të asistentit arsimor, mënyra e përzgjedhjes dhe zgjedhjes së asistentit arsimor, si dhe programi i trajnimit të asistentit arsimor.

Neni 2

Nga shkolla fillore komunale, kërkesa për sigurimin e asistentit arsimor dorëzohet deri te shkolla fillore me qendër burimore, sipas rajonalizimit të përcaktuar më parë.

Shkolla fillore komunale, krkesën nga paragrafi 1 i këtij neni, për nxënësit nga klasa e dytë deri në të nëntën, e dorëzon më së voni deri në fund të muajit mars, ndërsa për nxënësit të cilët janë të regjistruar në klasën e parë deri më 15 qershor të vitit shkollor vijues, për vitin shkollor pasardhës.

Kërkesa nga paragrafi 1 i këtij neni, parashtrohet në formular, i cili është dhënë në Shtojcën nr. 1 dhe është pjesë përbërëse e kësaj rregullore.

Kërkesa nga paragrafi 1 i këtij neni, parastrohet për nxënësit të cilët sipas vlersimit të vështirësisë nga sistemi i vlerësimit për persona me vështirësi kanë vlerësim për nevojën e asistentit arsimor.

Kërkesa nga paragrafi 1 të këtij neni, mund të dorëzohet edhe gjatë vitit shkollor, nëse nxënësi është transferuar nga një shkollë fillore në një shkollë tjetër fillore ose nëse vlerësimi i vështirësisë nga sistemi i vlerësimit për persona me vështirësi është lëshuar pas periudhës nga paragrafi 2 të këtij neni.

Neni 3

Përzgjedhja fillon me kontroll administrativ të dokumentacionit të dorëzuar nga kandidati për asistent arsimor (në tekstin e mëtejmë: kontroll administrativ).

Përzgjedhja e kandidatëve për të cilët kontrolli administrativ është përcaktuar se kanë dorëzuar dokumentacion të rregulltë, kryhet në bazë të pikëzimit kumulativ mbi bazat e mëposhtme:

- arritjet e suksesit mesatar në arsim,
- rezultatet e intervistës së realizuar dhe
- certifikatat e fituara lidhur me fushën e cila është përkatëse për vendin e punës.

Në rast se gjatë përzgjedhjes së kandidatit tërhiqet vullnetarisht nga zbatimi i mëtejshëm i saj, Komisioni për Përzgjedhjen dhe Zgjedhjen e Asistentit Arsimor (në tekstin e mëtejmë: Komisioni) do t'ia kthejë dokumentacionin nga paragrafi 1 të këtij neni dhe për këtë kandidat nuk bëhet pikëzim.

Neni 4

Gjatë realizimit të përzgjedhjes, përveç kontrollit administrativ, nga Komisioni, do të bëhet pikëzimi i rezultateve të arritura për secilin person që ka aplikuar në thirrjen publike.

Neni 5

Gjatë realizimit të kontrollit administrativ, do të bëhet përcaktimi i dokumentacionit në kohë dhe të plotësuar të paraqitur, si dhe përmbushja e kushteve të specifikuara në thirrjen publike (në tekstin e mëtejmë: dokumentacioni i regulltë).

Neni 6

Intervista si pjesë e përzgjedhjes realizohet vetëm në lidhje me ata kandidatë për të cilët gjatë kontrollit administrativ është përcaktuar dokumentacioni i regulltë.

Intervista realizohet me secilin person individualisht, nga Komisioni.

Pas kryerjes së intervistës, nga Komisioni do të përcaktohen rezultatet e arritura për secilin person individualisht.

Neni 7

Pikëzimi nga neni 4 i kësaj rregullore, kryhet në mënyrën në vazhdim:

A) nota mesatare për suksesin në arsim, deri në 30 pikë, edhe atë:

- me sukses mesatar nga 6.00 deri në 7.99 merr 10 pikë,
- me sukses mesatar nga 8.00 deri në 8.99 merr 20 pikë,
- me sukses mesatar nga 9.00 deri në 10.00 merr 30 pikë.

B) rezultatet e intervistës nga 30 deri në 60 pikë.

C) certifikatat e fituara lidhur me fushën e cila është relevante për vendin e punës nga një deri në 10 pikë.

Pikëzimi nga intervista kryhet në bazë të zgjidhjes me gojë të situatave specifike nga puna e drejtpërdrejtë me nxënës me nevoja të veçanta arsimore, nga katër fushat e mëposhtme:

- mbështetje e drejtpërdrejtë për nxënësit me vështirësi;
- bashkëpunim me prindërit/kujdestarët;
- bashkëpunim me mësimdhënësit dhe
- bashkëpunim me bashkëpunëtorët profesionalë nga shkolla fillore dhe bashkëpunëtorët profesionalë nga shkolla fillore me qendër burimore

Neni 8

Nënprogrami për trajnim të asistentit arsimor është dhënë në Shtojcën nr. 2, e cila është pjesë përbërëse e kësaj rregullore.

Neni 9

Kjo rregullore hyn në fuqi ditën e nesërme pas ditës së publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Nr. 18-10017/1
14.7.2025
Shkup

Ministre e Arsimit
dhe Shkencës,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.

Shtojca nr. 1

KËRKESË PËR SIGURIMIN E ASISTENTIT ARSIMOR

Nga Shkolla Fillore Komunale:_____

Nga Shkolla Fillore me Qendër Burimore: _____

Konform vlerësimit të marrë për sigurimin e mbështetjes nga asistenti arsimor nga sistemi i vlerësimit të personave me vështirësi, me kërkesë të prindit, kërkojmë që të sigurohet asistent arsimor në vitin shkollor 20--/20--, për nxënësit e mëposhtëm:

Numër rendor	Emri dhe mbiemri i nxënësit/es	Klasa	Numri arkivor i vlerësimit nga sistemi i vlerësimit të personave me vështirësi

Në shtojcë Ju dorëzojmë vlerësimin e vështirësisë nga sistemi i vlerësimit i personave me vështirësi për secilin nxënës/se.

Data dhe vendi: V.V. Drejtor,

_____ _____

Shtojca nr. 2

PROGRAM TRAJNIMI PËR ASISTENT ARSIMOR

Trajnimet e asistenteve arsimorë në shkollat e fillore janë nga fushat, nënfushat dhe temat e trajnimit në vazhdim:

I. Mbështetje direkte për nxënësit me vështirësi

1. Mbështetje në aktivitetet dhe detyrat shkollore

1.1. Aktet ligjore nga fusha e arsimit inkluziv, si ligjet, strategjitë, konceptet, etj.

1.2. Definimi, parimet dhe qasjet e arsimit inkluziv.

1.3. Llojet e vështirësisë dhe kuptimi i tyre (disleksi, disgrafi, diskalkuli, ADHD, çrregullime të zhvillimit që përfshijnë spektrin autik, aftësi intelektuale të kufizuara, vështirësia fizike)

1.4 Strategji dhe metoda për mbështetjen dhe zhvillimin e funksionaliteteve (emocionet dhe marrëdhëniet shoqërore, kujtesa, vëmendja dhe përqendrimi, perceptimi, aftësitë motorike) dhe shembuj të materialeve dhe burimeve,

1.5 Sistemet dhe personalitetet - të menduarit sistematik dhe qasje e dyfishtë në punën me mikrosistemet (familja dhe paralelja),

1.6 Ndërgjegjësimi për situatat e mësimit – ndikimi i faktorëve kontekstualë në prani, pjesëmarrje dhe arritjet e nxënësit.

1.7 Qasjet dhe metodat në punën me nxënës me lloje të ndryshme të vështirësisë në procesin edukativo-arsimor,

1.8 Përshtatja e përmbajtjes, hapësirës, kohës, materialeve/burimeve dhe aktiviteteve, sipas aftësive dhe nevojave individuale të nxënësve me vështirësi

1.9 Puna në çifte mësimdhënës - asistent arsimor gjatë zbatimit të orës (mësimdhënie tandem),

1.10 Njohuritë digjitale dhe aftësitë digjitale në realizimin e arsimit gjithëpërfshirës,

1.11 Mbështetje vizuale në mësimdhënie (komunikim augmentativ dhe alternativ, teknologji ndihmëse, strategji senzorike (shqisore) në klasë),

1.12 Hyrje në qasjet specifike për punën me fëmijët me vështirësi (Montesori, Tiç ABA, terapi shqisore, terapi figurative , terapi muzikore, terapi okupacionale, terapi loje, etj.),

1.13 Menaxhimi i kohës së orës - qasje dhe mënyra për të ruajtur vëmendjen, fokusin dhe përqendrimin në detyrat e punës, si dhe kalimin nga një aktivitet në tjetrin,

1.14 Trajnim në gjuhën e shenjave dhe në alfabetin e Brajit ,

1.15 Të folurit - stimulim, ushtrime për të inkurajuar dhe zhvilluar të folurit.

2. Mbështetje në komunikim, bashkëveprim shoqëror dhe përfshirje

2.1. Mbështetje nga bashkëmoshatarët, duke inkurajuar bashkëpunimin dhe bashkëveprimin e nxënësve me vështërësi me nxënës të tjerë, në aktivitete mësimore dhe jashtëshkollore,

2.2. Aftësi sociale për pranimin dhe respektimin e diversitetit, tolerancën dhe sjelljen jo të dhunshme,

2.3. Strategji për komunikim efektiv me nxënësit për të ofruar mbështetje dhe besim,

2.4. Aftësi për menaxhimin e situatave socio-emocionale - njohja e nevojave dhe emocioneve të nxënësve me nevoja të veçanta arsimore dhe trajtimi i tyre,

2.5. Zhvillimi i aftësive të asistentëve arsimorë për trajtimin e sjelljes agresive të nxënësit me nevoja të veçanta arsimore dhe mbrojtjen e një fëmije viktimë (bullizim),

2.6. Zhvillimi emocional i nxënësve me nevoja të veçanta arsimore - trajtimi i zemërimit, tërbimit, agresionit dhe përgjigjeve emocionale të papërshtatshme.

3. Ndihmë me lëvizjen, përdorimin e mjeteve ndihmëse, orientimin në ambiente

3.1. Njohuri elementare për zhvillimin e funksioneve psikomotorike dhe

3.2. Regullat elementare për sigurimin e lëvizjes në haprisë

4. Ndihmë me kujdesin ndaj vetes

4.1. Edukimi dhe mbështetja e nxënësve mbi ushqyerjen dhe higjienën personale.

II. Bashkëpunimi me prindërit/kujdestarët

1. Bashkëpunimi me prindërit e nxënësve me vështirësi

1.1. Bashkëpunim me prindërit e nxënësve me nevoja të veçanta arsimore dhe komunitetin,

1.2. Komunikim efektiv me prindërit/kujdestarët e nxënësve me nevoja të veçanta arsimore për të ndihmuar dhe mbështetur të nxënit e nxënësit, dhe

1.3. Plani i mbështetjes për fëmijën dhe familjen.

2. Bashkëpunimi me prindërit e nxënësve me zhvillim tipik në klasë dhe shkollë për të thyer barrierat, stereotipet dhe paragjykimet.

III. Bashkëpunim me mësimdhënësit

Përshtatja e mësimdhënies sipas karakteristikave të nxënësve, strategjive të të nxënit dhe mësimdhënies

1.1 Plan individual arsimor (njohuri bazë),

1.2 Program i modifikuar (njohuri bazë),

1.3 Mbështetje e nxënësit me vështirësi në shkrimin fillestar - zhvillimi i aftësive grafomotorike, teknikave të shkrimit, etj.,

1.4 Monitorimi i arritjeve të nxënësve dhe ofrimi i mbështetjes adekuate për progresin dhe

1.5 Përmirësimi i klimës socio-emocionale në klasë.

IV. Bashkëpunimi me bashkëpunëtorët profesionalë dhe ekipin gjithëpërfshirës të nxënësve

1. Shkëmbimi i njohurive dhe informacioneve

1.1. Planifikimi i punës personale dhe mbajtja e evidencës së punës,

1.2. Bashkëpunimi si faktor i rëndësishëm në procesin e gjithëpërfshirjes,

1.3. Mbështetja e mësimdhënësve në planifikimin, realizimin dhe vlerësimin e procesit edukativo-arsimor të nxënësve me vështirësi dhe

1.4. Mbështetja për nxënësin në mësim në dhomë senzorike (shqisore)

3152.

Врз основа на член 52 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), министерот за образование и наука, донесе

К А Л Е Н Д А Р
ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Член 1

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовната дејност и ученички одмор за учебната 2025/2026 година.

Член 2

Учебната година во основните училишта започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 31 август 2026 година.

Наставната година започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година.

Член 3

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие.

Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 30 декември 2025 година.

Второто полугодие започнува на 20 јануари 2026 година и завршува на 10 јуни 2026 година.

Член 4

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор.

Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2025 година и завршува на 19 јануари 2026 година.

За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2026 година до 10 јануари 2026 година користат платени работни денови.

Летниот одмор започнува на 11 јуни 2026 година и завршува на 31 август 2026 година.

Член 5

Основните училишта од 11 јуни до 19 јуни 2026 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 17 август до 21 август 2026 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош на учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

Член 6

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.

Член 7

Во учебната 2025/2026 година наставата се остварува во 180 наставни денови.

Член 8

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации.

Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со културни и други манифестации.

Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми за манифестациите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 9

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

За учениците кои не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.

Член 10

Со денот на отпочнувањето на примената на овој календар, престанува да важи Календарот за организација на работата на основните училишта во учебната 2024/2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 164/24 и 180/24).

Член 11

Овој календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 септември 2025 година.

Бр. 12-9053/3
11 јули 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.

Në bazë të nenit 52 paragrafit (3) të Ligjit për Arsimin Fillor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 161/19, 229/20, 3/25 dhe 74/25), ministri i Arsimit dhe Shkencës solli

K A L E N D A R
PËR ORGANIZIMIN DHE PUNËN E SHKOLLAVE FILLORE NË VITIN SHKOLLOR 2025/2026

Neni 1

Me këtë kalendar përcaktohet organizimi i vitit shkollor në shkollat fillore, konform njësive programore në vitin mësimor: gjysëmvjetori, format e tjera të aktivitetit edukativo-arsimor dhe pushimet e nxënësve për vitin shkollor 2025/2026.

Neni 2

Viti shkollor në shkollat fillore fillon më 1 shtator 2025 dhe përfundon më 31 gusht 2026.

Viti mësimor fillon më 1 shtator 2025 dhe përfundon më 10 qershor 2026.

Neni 3

Viti mësimor përbëhet nga dy gjysëmvjetore - gjysëmvjetori - I dhe gjysëmvjetori II.

Gjysëmvjetori i parë fillon më 1 shtator 2025 dhe përfundon më 30 dhjetor 2025

Gjysëmvjetori i dytë fillon më 20 janar 2026 dhe përfundon më 10 qershor 2026.

Neni 4

Gjatë vitit shkollor, nxënësit shfrytëzojnë pushimin dimëror dhe veror.

Pushimi dimëror fillon më 31 dhjetor 2025 dhe përfundon më 19 janar 2026.

Gjatë pushimit dimëror, të punësuarit në shkollë, nga 2 janar 2026 deri më 10 janar 2026, shfrytëzojnë ditë pune të paguara.

Pushimi veror fillojnë më 11 qershor 2026 dhe mbarojnë më 31 gusht 2026.

Neni 5

Shkollat fillore prej më 11 qershor deri më 19 qershor 2026, organizojnë mësime shtesë, provime përmirësuese dhe provime klasore, ndërsa prej më 17 gusht deri më 21 gusht 2026, organizojnë mësime përgatitore, konsultime dhe forma të tjera ndihme për nxënësit që duhet t'i nënshtrohen provimeve përmirësuese dhe provime klasore dhe t'i zbatojnë të njejtit.

Neni 6

Veprimtaria edukativo-arsimore për nxënësit organizohet gjatë gjithë vitit të punës.

Neni 7

Në vitin shkollor 2025/2026, mësimdhënia realizohet në 180 ditë mësimore.

Neni 8

Në ditën e shkollës, organizohen manafestime kulturore, sportive dhe të tjera. Dita tradicionale e arsimit për anëtarët e bashkësive të cilat ndjekin mësim në gjuhë të ndryshëm nga gjuha maqedonase shënohet me manifestime kulturore dhe të tjera. Dita e shkollës dhe dita tradicionale e arsimit për anëtarët e bashkësive të cilat ndjekin mësimin në gjuhë të ndryshme nga gjuha maqedonase, janë ditët mësimore kur realizohen programe të veçanta për manifestimet nga paragrafi 1 dhe 2 të këtij neni.

Neni 9

Ditët e punës kur realizohen ekskursionet e nxënësve, dita e shkollës dhe dita tradicional e arsimit për anëtarët e bashkësive të cilat ndjekin mësimet në gjuhë të ndryshme nga gjuha maqedonase, janë ditët mësimore kur realizohen programet e veçanta. Për nxënësit të cilët nuk i vizitojnë ekskurzionet e nxënësve, shkolla organizon mësime të rregullta konform orarit të orëve mësimore.

Neni 10

Me ditën e fillimit të zbatimit të këtij kalendari, pushon së vlefshmi Kalendari për organizimin e punës së shkollave fillore në vitin shkollor 2024/2025 (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 164/24 dhe 180/24).

Neni 11

Ky kalendar hyn në fuqi ditën e nesërme pas ditës së publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" ndërsa do të filloj të zbatohet prej më 1 shtator 2025.

Nr. 12-9053/3
11.7.2025
Shkup

Ministre e Arsimit
dhe Shkencës,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

3153.

Врз основа на член 1 став 2 и член 125-а од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/09, 67/10, 24/11, 188/13, 145/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20, 150/21,53/24 и 3/25), а во врска со член 51 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија постапувајќи по барањето бр. УП1 10-41 од 29.05.2025 година на седницата одржана на ден 04.07..2025 година го донесе, следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИСКИ АГЕНТ

1. Се дава дозвола за работење на инвестициски агент на Надица Наќева од Радовиш.

2. Лицето Надица Наќева се запишува во регистарот на инвестициски агенти кој го води Комисијата за хартии од вредност.

3. Дозволата за работење на инвестициски агент на Надица Наќева престанува да важи во моментот кога ќе се раскине договорот за продажба на удели со КБ ИНВЕСТ АД Скопје, со што лицето ќе биде избришано од регистарот на инвестициски агенти.

4. Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

5. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП1 Бр. 10-41
4 јули 2025 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Бујаре Абази,** с.р.

Në bazë të nenit 1, paragrafi 2 dhe nenit 125-a të Ligjit për Fondet Investuese (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 12/09, 67/10, 24/11, 188/13, 145/15 dhe 23/16 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 31/20, 150/21 dhe 288/21,53/24 i 3/25), në lidhje me nenin 51, paragrafi 2 të Ligjit për Procedurë të Përgjithshme Administrative (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 124/2015), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, duke vepruar ndaj Kërkesës nr. PA1 10-41, datë 29.5.2025, në seancën e mbajtur më datë 04.07.2025, miratoi

A K T V E N D I M
PËR DHËNIE TË LEJES PËR PUNË AGJENTIT TË INVESTIMEVE

1. I jepet leje për punë si agjent i investimeve personit Nadica Naqeva nga Radovishi.

2. Personi Nadica Naqeva regjistrohet në Regjistrin e Agjentëve të Investimeve, të cilin e mban Komisioni i Letrave me Vlerë.

3. Leja për punë e agjentit të investimeve personit Nadica Naqeva pushon me vlefshmëri në çastin kur do të shkëputet kontrata për shitje të kuotave me Shoqërinë KB Invest ShA Shkup, me çfarë personi do të fshihet nga Regjistri i Agjentëve të Investimeve.

4. Ankesa e paraqitur kundër këtij Aktvendimi nuk e prolongon zbatueshmërinë e tij.

5. Ky Aktvendim do të botohet në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA 1 Numër 10-41
4.7.2025
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
M-r. **Bujare Abazi,** d.v.

3154.

Врз основа на член 2, став 1, точка 28, алинеја 2, член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/2020, 288/2021, 53/2024 и 3/2025), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, постапувајќи по Барањето на Друштвото за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД СКОПЈЕ од 6.3.2024 година, на седницата одржана на ден 4.7.2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. На Друштвото за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД СКОПЈЕ се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - втора емисија на 500 обични акции во вкупна вредност од 500.000 евра, односно 30.847.500 денари според среднициот курс на Народната Банка на Република Северна Македонија објавен на денот пред донесување на Одлуката бр.0201-122/8 од 10.6.2025 година за зголемување на основната главнина со издавање на обични акции со право на глас од II (втора) емисија по пат на приватна понуда, донесена од Собранието на акционери.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката бр. 0201-122/8 од 10.06.2025 година за зголемување на основната главнина со издавање на обични акции со право на глас од II (втора) емисија по пат на приватна понуда, донесена од Собранието на акционери.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од 8 (осум) дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во Трговскиот регистар на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

4. Одобрението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда ќе се спроведе под услов Централниот регистар на Република Северна Македонија да донесе решение за упис на зголемувањето на основната главнина.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот за хартии од вредност во рок од 3 (три) работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

6. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од 5 (пет) работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

7. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП1 Бр. 10-44
4 јули 2025 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Бујаре Абази,** с.р.

Në bazë të nenit 2, paragrafi 1, pika 28, nënpika 2, nenit 9 dhe nenit 27 të Ligjit të Letrave me Vlerë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë‘‘ numër 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 31/2020, 288/2021, 53/2024 dhe 3/2025), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, duke vepruar ndaj Kërkesës së Shoqërisë për sigurime PRVA ZHIVOT ShA Shkup, datë 6.3.2024, në seancën e mbajtur më datë 4.7.2025 miratoi

A K T V E N D I M
PËR DHËNIE TË MIRATIMIT PËR EMETIMIN E LETRAVE ME VLERË AFATGJATA ME ANË TË NJË OFERTE PRIVATE

1. Shoqërisë për sigurime PRVA ZHIVOT ShA Shkup i jepet miratimi për emetimin e letrave me vlerë afatgjata me anë të një oferte private – emetimi i dytë i 500 aksioneve të zakonshme në vlerë totale prej 500.000 euro, respektivisht 30.847.500 denarë sipas kursit të mesëm të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut, të publikuar në ditën përpara miratimit të Vendimit nr. 0201-122/8, datë 10.6.2025 për rritjen e principalit themelor me

emetimin e aksioneve të zakonshme me të drejtë vote nga emetimi i II (dytë) me anë të një oferte private, të miratuar nga Kuvendi i aksionarëve.

2. Emetuesi i letrave me vlerë afatgjata nga pika 1 e këtij Aktvendimi ka për obligim që të kryejë të gjitha detyrimet nga letrat me vlerë brenda afatit dhe mënyrën e paraparë me Ligj dhe Vendimin nr. 0201-122/8, datë 10.6.2025 për rritjen e principalit themelor me emetimin e aksioneve të zakonshme me të drejtë vote nga emetimi i II (dytë) me anë të një oferte private, të miratuar nga Kuvendi i aksionarëve.

3. Emetuesi i letrave me vlerë afatgjata nga pika 1 e këtij Aktvendimi ka për obligim që brenda 8 (tetë) ditësh nga realizimi i emetimit të paraqesë për regjistrim rritjen e principalit themelor në Regjistrin Tregtar të Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

4. Miratimi për emetim të letrave me vlerë me anë të një oferte private do të zbatohet me kusht që Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut të miratojë Aktvendim për regjistrim të rritjes së principalit themelor.

5. Emetuesi i letrave me vlerë afatgjata nga pika 1 e këtij Aktvendimi ka për obligim që t'i dorëzojë letrat me vlerë për regjistrim në depozitarin e letrave me vlerë brenda 3 (tre) ditë pune nga dita e regjistrimit të rritjes së principalit themelor në Regjistrin Tregtar të Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

6. Emetuesi i letrave me vlerë afatgjata nga pika 1 e këtij Aktvendimi ka për obligim që brenda 5 (pesë) ditë pune nga regjistrimi i aksioneve në depozitarin e letrave me vlerë, deri te Komisioni i Letrave me Vlerë të dorëzojë dëshmi se është bërë regjistrim i aksioneve.

7. Ky Aktvendim do të botohet në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA 1 Numër 10-44
4.7.2025
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
M-r. **Bujare Abazi,** d.v.

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

3155.

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ЊУКАСТЕЛСКА БОЛЕСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОИ ПОТЕКНУВААТ И СЕ ИСПРАЌААТ ОД РЕПУБЛИКА КОСОВО

Член 1

(1) Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на Њукастелска болест се забранува увозот и транзитот во Република Северна Македонија на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои потекнуваат и се испраќаат од Република Косово.

(2) Забраната од став (1) на овој член се применува на следните пратки:

1) живина, и тоа кокошки, мисирки, бисерки, патки, гуски, препелници, гулаби, фазани, еребици и ноеви (ratitae) размножувани или чувани во затворен или ограден простор заради одгледување или чување за: размножување, производство на месо или јајца за исхрана или за обновување на популација на дивеч,

2) јајца за ведење, и тоа јајца за инкубација снесени од живина,

3) птици, и тоа животни од класата Aves, освен:

- живина,
- птици кои се увезуваат согласно програмите за зачувување на одредени видови птици,
- домашни миленици во придружба на сопственикот,
- птици наменети за зоолошки градини, циркуси, забавни паркови или експерименти,
- птици наменети за научно-истражувачки институти или центри и
- гулаби - писмоносци внесени на територијата на Република Северна Македонија од соседни трети земји, каде што живеат вообичаено, и веднаш пуштени со очекување дека ќе се вратат во трета земја од каде се внесени,

4) конзумни јајца од живина и пернат дивеч,

5) производи од јајца од живина и пернат дивеч,

6) семе за вештачко осеменување од живина и пернат дивеч,

7) месо, мелено месо, подготовки од месо и механички обескоскено месо од живина и пернат дивеч,

8) производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч и

9) нуспроизводи од живина и пернат дивеч.

Член 2

(1) По исклучок од член 1 став (2) точка 5) од ова решение, може да се увезуваат производи од јајца од живина и пернат дивеч, и тоа:

1) цело јајце доколку било подложено на еден од следните третмани:

- 42 минути на температура од 55°C во средината на производот,
- 27 минути на температура од 57°C во средината на производот или
- 12 минути на температура од 59°C во средината на производот,

2) течна белка од јајце доколку била подложена на еден од следните третмани:

- 38 минути на температура од 55°C во средината на производот,
- 17 минути на температура од 57°C во средината на производот или
- 5 минути на температура од 59°C во средината на производот,

3) жолчка со 10% сол доколку била подложена 3 минути на температура од 55°C во средината на производот и

4) белка во прав доколку била подложена 50 часа и 24 минути на температура од 57°C во средината на производот.

(2) По исклучок од член 1 став (2) точка 8) од ова решение, може да се увезуваат производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч, доколку биле подложени на еден од следните третмани:

- 39,8 секунди на температура од 65°C во средината на производот,
- 3,6 секунди на температура од 70°C во средината на производот,
- 0,5 секунди на температура од 74°C во средината на производот или
- 0,03 секунди на температура од 80°C во средината на производот.

(3) По исклучок од член 1 став (2) точка 9) од ова решение, може да се увезуваат одредени нуспроизводи од живина и пернат дивеч, и тоа:

1) нуспроизводи од живина и пернат дивеч различни од брашно од пердуви и брашно од живина, наменети за исхрана на животни, земјоделска или индустриска употреба, доколку биле подложени на еден од следните третмани:

- влажен термички третман на температура од 65°C во времетраење од 30 минути или

- друг еквивалентен третман кој ќе го уништи вирусот на Њукастелска болест,

2) пердуви и подпердуви доколку биле подложени на еден од следните третмани:

- фабрички измиени и третирани со топла пареа на 100°C во период од најмалку 30 минути,
- фумигација со формалин (10% формалдехид) во период од 8 часа,
- ирадијација со доза од 20 килогреј (kGy) или
- друг еквивалентен третман кој ќе го уништи вирусот на Њукастелска болест,

3) брашно од пердуви и брашно од живина доколку биле подложени на еден од следните третмани:

- влажен термички третман на температура од 118°C во времетраење од најмалку 40 минути,
- постојан третман под притисок од најмалку 3,79 бара (bar) добиен со заситена пареа од најмалку 122°C во времетраење од најмалку 15 минути или
- алтернативен процес на топење кој обезбедува температура во внатрешноста на производот од 74°C во времетраење од најмалку 280 секунди и

4) трофеи од пернат дивеч доколку се подложени на третман кој ќе го уништи вирусот на Њукастелска болест.

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02 – 2309/1
10 јули 2025 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

3156.

Врз основа на член 105 став (3) и член 112 став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018 и 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 180/2019, 103/2021 , 86/2025 и 114/2025) и на член 131 став (3) и член 138 став (5) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013 и „Службен весник на Република Северна Македонија“број 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување, на седницата одржана на ден 30.6.2025 година донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ

I Општи одредби

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишуваат:

а) условите што треба да ги исполнат регулираните секундарни пазари на капитал каде што се тргува со средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиските фондови);

б) квалитетот на акциите, обврзниците и другите инструменти во кои може да се вложат средствата на пензиските фондови;

в) државите или групите на држави во кои може да се инвестираат средствата на пензиските фондови и

г) пренесување на управувањето со средствата на пензиски фонд на менаџер на средства со седиште во странство.

Член 2

Со средствата на пензиските фондови не треба да се стекнуваат инструменти на кои се ставени забрани или ограничувања од било каков вид.

Со средствата на пензиските фондови не треба да се одржуваат „позиции на кратко” (short selling), односно да се позајмуваат финансиски инструменти во сопственост на пензиските фондови.

Член 3

Обврските за пренос на хартиите од вредност, настанати врз основа на трансакциите со хартии од вредност во кои учествуваат пензиските фондови, се намируваат со истовремена испорака на хартиите од вредност и плаќање на цената за хартиите од вредност, согласно со принципот „испорака наспроти плаќање”.

Со средствата на пензиските фондови не треба да се врши тргување со финансиски инструменти преку „блок” трансакции.

II Услови што треба да ги исполнат регулираните секундарни пазари на капитал каде што се тргува со средствата на пензиските фонд

Член 4

Согласно член 105 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и член 131 став (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, тргувањето со средствата на пензиските фондови се врши на регулирани секундарни пазари на капитал и на пазари преку шалтер кои ги исполнуваат условите наведени во член 5 на овој правилник.

Друштвото кое управува со пензискиот фонд може да:

а) склучува договори за купопродажба на акции во сопственост на пензискиот фонд во случај на преземање на акционерското друштво преку јавна понуда за преземање;

б) купува акции издадени од акционерски друштва, кои ги исполнуваат условите од овој правилник, на јавна понуда;

в) купува должнички хартии од вредност кои ги исполнуваат условите за издавачот и емисијата од овој правилник, во случај на јавна понуда;

г) купува документи за удел и поднесува барање за откуп на документите за удел директно од/на друштвото кое управува со отворени инвестициони фондови, издадени по пат на јавна понуда и

д) купува документи за удели и поднесува барање за откуп на документи за удел директно од/на друштво кое управува со приватни инвестициони фондови, издадени по пат на приватна понуда.

Член 5

Секундарно тргување со хартии од вредност во Република Северна Македонија се врши преку берза и пазар преку шалтер организиран од страна на Народната банка на Република Северна Македонија, согласно закон.

Секундарното тргување со финансиски инструменти надвор од Република Северна Македонија се врши на регулирни пазари на финансиски инструменти согласно закон. При тоа, треба да бидат исполнети следните услови:

а) инструменти кои се тргуваат на регулираните пазари треба претходно да се котирани на берза на држава членка на ЕУ или на ОЕЦД;

б) договорот за тргување со акции или удели во инвестициони фондови треба да биде потпишан со најмалку еден пазарен посредник кој обезбедува тргување по цени кои значително не се разликуваат од берзанската цена на акциите или уделите на инвестициони фондови во кои се инвестира односно од нето вредноста на средствата на инвестициониот фонд и

в) дилерската куќа која врши тргување на пазар преку шалтер треба да има капитал повеќе од 200 милиони евра.

III. Квалитет на инструментите и државите во кои може да се инвестираат средствата на пензиските фондови

Член 6

Друштвото кое управува со пензискиот фонд е должно при носење на одлука за инвестирање на средствата на пензискиот фонд да ги земе во предвид следните аспекти:

а) Обезбедување на точни, релевантни, целосни и редовно ажурирани информации. Друштвото кое управува со пензискиот фонд треба да има доволно информации за да ги процени ризиците и можностите на инструментот и врз основа на нив да донесе одлука за инвестирање која ќе биде во најдобар интерес на членовите на пензискиот фонд;

б) Инвестирањето на средствата на пензискиот фонд во инструментот да е во согласност со принципите, долгорочните цели и инвестиционата стратегија на пензискиот фонд и документот за начинот на примена на инвестиционата стратегија за 12 месеци;

в) Ризиците од инвестирање во инструментот да се опфатени во системот за управување со ризици на пензискиот фонд и

г) Ликвидноста на инструментот не ја загрозува способноста на пензискиот фонд да ги исполнува своите обврски, водејќи сметка за трошоците со цел зачувување на вредноста на пензискиот фонд.

Член 7

Средствата на пензиските фондови може да се инвестираат во инструменти на правно лице кое има извештај за извршена ревизија на годишните финансиски извештаи, во кој не е изразено воздржување од мислење или неповолно мислење за последната финансиска година, согласно закон и меѓународните стандарди за ревизија.

Член 8

Средствата на пензиските фондови може да се инвестираат во документи за удел на отворени инвестициони фондови во Република Северна Македонија кои имаат одобрение од Комисијата за хартии од вредност и доколку основачот на друштвото кое управува со отворениот инвестиционен фонд или друштвото кое управува со отворениот инвестиционен фонд има најмалку две години континуирано искуство во управувањето со средствата во сопственост на трети лица.

Член 9

Средствата на пензиските фондови може да се инвестираат во обврзници и други хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки на државите-членки на Европската унија или на ОЕЦД доколку државата на издавачот на обврзниците и другите хартии од вредност има долгорочен кредитен рејтинг за надворешен долг во странска валута препорачлив за инвестирање според Standard & Poor's или Moody's (Long-term Issuer Rating - Foreign) или Fitch Investor Service (Long-term Issuer Default Rating - Foreign).

Член 10

Средствата на пензиските фондови може да се инвестираат во должнички хартии од вредност издадени од недржавни, странски компании или банки од државите-членки на ЕУ или на ОЕЦД доколку:

а) Должничките хартии од вредност имаат долгорочен кредитен рејтинг за надворешен долг во странска валута препорачлив за инвестирање според Standard & Poor's или Moody's (Long-term Issuer Rating - Foreign) или Fitch Investor Service (Long-term Issuer Default Rating – Foreign);

б) Се издадени од компании или банки регистрирани и со седиште во држава-членка на ЕУ или на ОЕЦД;

в) Номиналната вредност на емисијата не е помала од 100 милиони евра и

г) Државата на емитентот на должничките хартии од вредност има долгорочен кредитен рејтинг за надворешен долг во странска валута препорачлив за инвестирање според Standard & Poor's или Moody's (Long-term Issuer Rating - Foreign) или Fitch Investor Service (Long-term Issuer Default Rating - Foreign).

Средствата на доброволните пензиски фондови може да се инвестираат во должнички хартии од вредност издадени од единици на локалната самоуправа од др-жавите-членки на ЕУ или на ОЕЦД доколку ги исполнуваат критериумите од став (1) на овој член.

Член 11

Средствата на пензиските фондови може да се инвестираат во акции од стран-ски компании или банки со кои се тргува на берзи во државите-членки на ЕУ или на ОЕЦД доколку:

а) Котираат на официјалниот пазар на берзите кои ги исполнуваат условите од член 5 од овој правилник;

б) Се издадени од компании регистрирани и со седиште во држава-членка на ЕУ или на ОЕЦД;

в) Компанијата издавач на акциите има пазарна капитализација од најмалку 100 милиони евра;

г) Имаат долгорочен кредитен рејтинг за надворешен долг во странска валута препорачлив за инвестирање според Standard & Poor's или Moody's (Long-term Issuer Rating - Foreign) или Fitch Investor Service (Long-term Issuer Default Rating - Foreign) и

д) Државата на компанијата издавач на акциите има долгорочен кредитен рејтинг за надворешен долг во странска валута препорачлив за инвестирање според Standard & Poor's или Moody's (Long-term Issuer Rating - Foreign) или Fitch Investor Service (Long-term Issuer Default Rating - Foreign).

Член 12

Средствата на пензиските фондови може да се инвестираат во документи за удел, акции и други инструменти на странски инвестициони фондови, доколку:

а) Друштвото кое управува со средствата на странските инвестициони фондови ги исполнува следниве услови:

- Има најмалку три години континуирано искуство за управување со средства во сопственост на трети лица;
- Има седиште во држава-членка на ЕУ или на ОЕЦД, кое не смее да биде во off-shore зона и
- Управува со средства во сопственост на трети лица од најмалку една милијарда евра.

б) Странските инвестициони фондови ги исполнуваат следните услови:

- Државата во која е регистриран инвестициониот фонд има долгорочен кредитен рејтинг за надворешен долг во странска валута препорачлив за инвестирање според Standard & Poor's или Moody's (Long-term Issuer Rating - Foreign) или Fitch Investor Service (Long-term Issuer Default Rating- Foreign)
- Нето-вредноста на средствата на инвестициониот фонд изнесува најмалку 100 милиони евра;

- Најмалку 51% од средствата на инвестиционот фонд се инвестирани во инструменти кои котираат на берзите во државите-членки на ЕУ или на ОЕЦД и
- Нема карактеристики на хеџ фонд (hedge fund), односно приватен фонд со ризичен капитал.

IV Пренесување на управувањето со средствата на пензиски фонд на менаџер на средства со седиште во странство

Член 13

Кога друштвото кое управува со пензискиот фонд инвестира во странство преку менаџер на средства со седиште во странство, правното лице на кое може да го довери управувањето со средствата на пензискиот фонд треба да ги исполни следните услови:

а) да е правно лице и да има законско овластување за управување со средства на трети лица согласно законодавството на матичната земја;

б) средствата на менаџерот на средства со седиште во странство да бидат целосно одвоени од средствата за управување во сопственост на трети лица;

в) да управува со средства во сопственост на трети лица од најмалку 20 милијарди евра;

г) да има најмалку седум години континуирано искуство во управување со средства во сопственост на трети лица и

д) да биде регистрирано во посебен Регистар за менаџери на средства со седиште во странство (во понатамошниот текст: Регистар на менаџери) на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата.

Друштвото кое управува со пензискиот фонд треба да достави податоци за менаџерот на средства до Агенцијата со кои се потврдува дека се исполнети условите од став (1) на овој член, пред да го довери управувањето со средствата на пензискиот фонд на менаџер на средства со седиште во странство. Агенцијата ја одбива регистрацијата на менаџерот на средства со седиште во странство во Регистарот на менаџери, доколку не се исполнети условите од став (1) на овој член или доколку утврди дека регистрацијата е во спротивност со интересите на членовите на пензискиот фонд.

Друштвото кое управува со пензискиот фонд не може да инвестира во странство преку менаџер на средства со седиште во странство кој не е регистриран во Регистарот на менаџери.

Друштвото кое управува со пензискиот фонд ја известува Агенцијата за промените, во врска со условите од став (1) на овој член, на странскиот менаџер на средства.

V. Преодни и завршни одредби

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да применува од 1.10.2025 година.

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за инвестирање на средствата на задолжителните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 134/2010, 99/2011, 75/2013 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 274/2021) и Правилникот за инвестирање на средствата на доброволните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија” бр. 171/2010, 75/2013 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 274/2021).

Бр. 01-852/6
1 јули 2025 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
Ремзи Бајрами, с.р.

